**Известување за концентрација со која АЕКУХ38 ГмбХ, Минхен, Германија ќе стекне единствена контрола над САБИК ЕУРОПЕ БВ, Ситард, Холандија**

**(предмет бр. 08-112/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 15.07.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која АЕКУХ38 ГмбХ, друштво со ограничена одговорност со деловна адреса на Габриеленштрасе 9, 80636 Минхен, Германија има намера да стекне единствена контрола над САБИК ЕУРОПЕ БВ, приватно друштво со ограничена одговорност, со регистрирано седиште во Ситард, Холандија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**АЕКУХ38 ГмбХ**, е зависно друштво во целосна сопственост на АЕКВИТА СЕ & Ко. КГаА и дејствува како нејзино друштво за посебна намена (SPV).

Деловните активности на АЕКВИТА СЕ & Ко. КГаА се состојат од инвестирање во посебни ситуации, како што се групни отцепувања, сукцесии и ситуации на реструктуирање.

Трансакцијата се однесува на производство и снабдување со олефини, полиолефини и соединенија.

АЕКУХ38 ГмбХ, не е присутен на релевантните пазари во Северна Македонија, ниту преку корпоративно присуство, ниту преку увоз на релевантните производи.

**САБИК ЕУРОПЕ БВ**, е зависно друштво во целосна сопственост на САБИК Интернатионал Холдингс БВ. САБИК Интернатионал Холдингс БВ е зависно друштво во целосна сопственост на Сауди Басик Индустрис Цорпоратион („**САБИК**"), глобална компанија за производство на хемикалии со седиште во Саудиска Арабија.

САБИК ЕУРОПЕ БВ, е активен на релевантниот пазар во Северна Македонија преку увоз на полиолефини на територијата на Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*
*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

17.07.2026 година

Скопје